КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# МАЈ 2021




# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Уверувањето на централните банки дека ќе продолжат со стимулативна монетарна политика и покрај зголемената инфлација, како и забрзаниот процес на вакцинација против Корона вирусот го одржа позитивниот тренд на пазарите на капитал. Во текот на месец мај глобалните пазари на капитал порастнаа за 1,37% (мерени преку MSCI ACWI индексот). Сите анализирани региони имаа раст, а најголем раст имаа акциите на европските компании кои се дел од STOXX 600 индексот со раст од 2,14%. Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаа европските акции и американските акции (мерени преку S&P 500 индексот) со раст од 11,96% и 11,93% соодветно.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави

*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот ја зголеми својата вредност за 4,72%, со што кумулативно од почетокот на годината има раст од 12,18%. Во текот на месецот акции кои имаа најголем раст беа акциите на Гранит со раст од 12,43%, додека пад на вредноста имаше само акцијата на Стопанска Банка Битола чија вредност се намали за 0,99% .Од почеток на годината сите акции во индексот имаат раст. Најголем раст од почеток на годината имаат акциите на  Алкалоид  и Комерцијална Банка со раст од 19,28% и 18,86% соодветно.




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Заздравувањето на економиите и стравот од можно зголемување на стапките на инфлација од една страна и изјавите на монетарните власти за продолжување на политиката на ниски каматни стапки, доведе до релативно голема волатилност на приносите на државните обврзници од почетокот на годината. На крајот на месец мај највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската со принос од 1,74% и 1,60% соодветно, додека германската и швајцарската обврзница имаа најниски приноси од -0,19% и -0,16% соодветно.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*

*Извор: Блумберг*


ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец мај најголем пад во однос на еврото имаа јапонскиот јен (JPY) со пад од 1,92% и американскиот долар (USD) чија вредност се намали за 1,69% , додека најголем раст имаше британската фунта (GBP) со раст од 1.15%. Од почеток на годината најголем раст во однос на еврото имаат британската фунта (GBP) со раст од 3,92% и кинескиот јуан (CNY) со раст од 2,74% , а најголем пад имааше јапонскиот јен (JPY) чија вредноста се намали за 5,80%.




*Извор: Блумберг*